Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Општина Берово бр. 01 - 1017/1 од 29.12.2015 година, 01-1117/2 од 13.04.2016 година, 01-1566/2 од 15.06.2016 година, број 01-2593/4 од 19.12.2016 година, 01-617/1 од 22.03.2017 година, 01-389/1 од 30.01.2018 година, 01 – 1868/1 од 01.06.2018 година, 01 – 2757/1 од 27.08.2018 година, 01 – 2157/1 од 21.06.2019 година, 01 – 2772/1 од 06.08.2019 година, 01 – 3421/1 од 25.09.2019 година, 01 – 2003/1 од 23.06.2020 година,01 – 137/1 од 13.01.2021 година, 01 – 1869/1 од 20.05.2021 година, 01 – 574/1 од 09.02.2022 година и бр. 01-3925/1 од 17.10.2023 година, Јавен оглас за вработување 229/2024 по Барање за објавување на јавен оглас за вработување со наш архивски број 04-2642/1 од 16.08.2024 година,а согласно Предлог за вработување на кандидати со наш архивски број 04-2642/14 од 30.10.2024 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административни службеници број 229/2024

(1) По објавениот Јавен Оглас 229/2024, објавен на ден 03.09.2024 година во дневните весници Слободен Печат, Нова Македонија и Коха, за вработување на административни службеници за извршител на работите на работното место Помлад соработник за подготвување на материјали за седници на Советот, звање: Помлад соработник, шифра: УПР0101В04000 во Одделение за правни и општи работи- Сектор за правни и општи работи и јавни дејности, се избира

-кандидатот **Данче Василевска**, со идентификациски код 6D893E8.

(2) Именуваната од точка 1 од оваа одлука ќе биде вработена на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување за избраниот административен службеник.

(3) Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе биде објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

(4) Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Агенцијата за администрација по барање на Општина Берово во дневните весници Слободен Печат, Нова Македонија и Коха објави Јавен оглас број 229/2024 за вработување на еден административен службениково Општина Берово на работното место 1) Помлад соработник за подготвување на материјали за седници на Советот звање: Помлад соработник, шифра: УПР0101В04000 во Одделение за правни и општи работи- Сектор за правни и општи работи и јавни дејности – 1 извршител.

Комисијата за селекција за вработување на ден 18.09.2024 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник 10-1251/6 од 18.09.2024 година) со наш бр. 04-2642/5 од 18.09.2024 година, на ден 28.10.2024 година спроведе испит за административен службеник (Записник 10-1251/11 од 28.10.2024 година) со наш бр. 04-2642/12 од 28.10.2024 година, и на ден 30.10.2024 година се спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник (Записник 10-1251/12 од 30.10.2024 година) со наш бр. 04-2642/13 од 30.10.2024 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција за вработување изготви конечна ранг листа и предлог на кандидати за вработување бр.10-1251/13 од 30.10.2024 година, примено во архива на Општина Берово на 30.10.2024 година со наш бр. 04-2642/14 од 30.10.2024 година, кој во законскиот рок е доставен до Градоначалникот на Општина Берово за избор на кандидати.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014........ 11/2018 и бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021,99/2022 и 208/2024), Градоначалникот на Општина Берово по разгледување на доставената конечна ранг листа и Предлог кандидати за вработување одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката за избор незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб – страницата и на огласната табла на Агеницијата за администрација.

*Изготвила: Емилија Ваканска*

**Број 04 – 3542/1**
**31.10.2024 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**

**Доставено до:**
- избереният кандидат
-Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива на Општина Берово
- Агенција за администрација